


# СОРАБОТНИК ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ - Офицер за заштита на лични податоци Personal Data Protection Associate

**Локација: СКОПЈЕ**

**Оддел: Оддел за информативна сигурност и заштита на податоци**

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет**
**и сигурност**

### Што ќе биде твојата улога

- Советување и давање препораки до врвниот менаџмент во однос на усогласеноста со законските прописи за заштита на лични податоци;
- Координирање на комуникацијата со Агенцијата за заштита на лични податоци и други релевантни регулаторни тела;
- Следење и евалуација на усогласеноста на Банката со прописите за заштита на лични податоци;
- Подготовка на редовни и ад-хок извештаи за нивото на усогласеност;
- Управување и координација на барањата и приговорите од субјектите на лични податоци;
- Едукација и обука на вработените за подобро спроведување на прописите;
- Изработка и ажурирање на Политиката за заштита на лични податоци;
- Контрола и следење на спроведувањето на внатрешните акти и процедури;
- Проценка и координација на Data Protection Impact Assessments (DPIA);
- Вклучување во проекти и нови производи со цел вградување на принципите за заштита на лични податоци од почетната фаза;
- Координација при инциденти поврзани со нарушување на заштитата на лични податоци;
- Постојано следење на новитети, трендови и законски измени во областа;
- Соработка со различни оддели и групации во Банката за успешно спроведување на законските обврски.

### Кои квалификации се потребни

- Високообразовна квалификација (ВСС) во областите Право, Економија, Информатички или Компјутерски науки;
- Сертификат за Офицер за заштита на лични податоци издаден од Агенцијата за заштита на лични податоци;
- Без правосилна судска пресуда која забранува вршење професија во моментот на определувањето;
- Минимум 3 години релевантно работно искуство во имплементација на законите за заштита на лични податоци или поврзани области;
- Експертско познавање на законската регулатива и практиката во заштитата на личните податоци;
- Активно познавање на англиски јазик (говор и пишување);
- Високи комуникациски, аналитички и преговарачки вештини;
- Познавање на MS Office и современи IT алатки и интернет сервиси;
- Висок интегритет, етичност и способност за тимска работа;
- Способност за планирање, одлучување, пишување извештаи и презентирање;
- Познавање на организациската поставеност и процесите во банкарството.

### Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **01.09.2025 година** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!